Република Северна Македонија
Национална установа - Центар за култура
"АЦО ШОПОВ"
Бр. 04-111/1
15.02. 2023 год.
Штип

Врз основа на одредбите од член 22, 23 и 46 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19 и 267/20), член 20-г и член 22 став (1) алинеја 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), член 76 став (1) , член 76-а, 76-б, член 77-а став (1), став (2) и став (5) , член 77-б, 77-в, 77-г и член 77-д од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и пријавата за вработување на даватели на јавни услуги во Националната установа - Центар за култура „АЦО ШОПОВ" — Штип бр.02- 385/3 од 22.07.2021 година, а во врска со Одлуката за објавување на јавен оглас бр.04-109/1 од 14.02.2023 година, Согласноста од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства бр. 18-1689/4 од 30.12.2022 година година, директорот на НУЦК „АЦО ШОПОВ" - Штип објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ БР.01-2023

1. **Работно место под реден број 1: Советник – главен сметководител, еден (1) извршител со шифра на работно место КУЛ 0102В01006, на определено време до 31.12.2023 год.**

(врз основа на член 22 став 1 алинеа 2 од Законот за вработените во јавниот сектор)

**Општите услови кои треба да ги исполнува кандидатот се:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- стручни квалификации: ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, економски науки;
- Работно искуство: нájмалку три години работно искуство во струката;

**Посебни работни компетенции**

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) и

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Почеток и завршеток на дневно работно време :** 08-16 часот

**- Почеток и завршеток на неделно работно време :** понеделник 08 часот - петок 16 часот

**- Распоред на работно време:**

- Работни денови: понеделник-петок
- Работни часови: неделно 40
- Работно време: од 08:00 до 16:00

**Месечна нето плата без минат труд:** 34.642,00 денари

**Кандидатите кон пријавата за работното место под реден број 1 треба да ги приложат следните документи:**

-Уверение за државјанство ( не постаро од 6 месеци)
-Диплома за завршено образование или уверение, оригинал или копија заверена кај нотар
-Доказ за работно искуство најмалку три години во струката
-Потврда дека не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постара од 6 месеци)
-Лекарско уверение за општа здравствена состојба на кандидатот (не постара од 6 месеци)
- Доказ за познавање на еден од најчесто користени јазици на Европската унија
- Доказ за познавање на компјутерски програми за канцelариско работење

Сите документи треба да бидат доставени во оригинал или преписи заверени на нотар. Некомплетно или ненавремено поднесени документи нема да се разгледуваат.
**Рокот за пријавување на кандидатите за работното место под реден број 1 е 5 (пет) работни дена од денот на објавување во дневниот печат.**
Постапката за селекција за вработување се состои од административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас за работните места под број 1.
**Изборот на кандидатот ќе го изврши директорот на НУЦК„АЦО ШОПОВ“-Штип во рок од 8 (осум) дена за работното место под број 1** , и писмено ќе го извести кандидатот кои се пријавил на огласот.

2. **Работно место под реден број 2: Актер четврта група — 2 (две) лица со шифра на работно место КУЛ0304А06001, категорија А — уметници, ниво А6 на определено време до 31.12.2023 година**, со полно работно време, (40 работни часа неделно) согласно месечниот план за проби и претстави.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:
**Општи услови:**

- Да е државјанин на Република Северна Македонија
- Активно да го користи македонскиот јазик
- Да е полнолетен/на,
- Да има општа здравствена способност за работното место и
- Со правосилна судска пресуда да не му/и е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
**-** Вид на образование: високо образование или најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен или средно училиште, ; драмски уметности-отсек актерска игра или средно гимназиско образование;
-Работно искуство до 1(една) година;
**Месечната нето плата без минат труд ќе изнесува 36.663,00 денари.**

**Кандидатите кон пријавата за работното место под реден број 2 треба да приложат:**

-Уверение за државјанство ( не постаро од 6 месеци)
- Диплома за завршено образование или уверение, оригинал или копија заверена кај нотар
-Доказ за работно искуство во струката (доколку е потребно)

-Потврда дека не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постара од 6 месеци)
-Лекарско уверение за општа здравствена состојба на кандидатот (не постаро од 6 месеци)

Сите документи треба да бидат доставени во оригинал или преписи заверени на нотар. Некомплетно или ненавремено поднесени документи нема да се разгледуваат.
**Рокот за пријавување на кандидатите за работното место под реден број 2 е 15 (петнаесет) дена од денот на објавување во дневниот печат.**
За работното место под број 2, постапката за селекција за вработувањето се состои од административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и аудиција. Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојноста на докази имаат право да продолжат на аудиција, согласно Правилникот за аудиција и реаудиција 02-385/4 од 22.07.2021 година и Правилникот за измени и доплнувања на правилникот за аудиција и реаудиција 02-46/6 од 30.012023 година и ќе бидат контактирани за местото, времето, начинот и датумот на одржување на аудицијата. Изборот на кандидатите за работно место под број 2 ќе се изврши во рокови согласно Правилникот за спроведување на аудиција и реаудуција на НУЦК „АЦО ШОПОВ"- Штип бр. 02-385/4 од 22-07-2021 и Законот за култура, и писмено ќе ги извести кандидатите кои се пријавиле на огласот.

**Пријавата за вработување за сите работни места особено содржи:**
-Податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон),
-Изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
-Изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
Кон пријавата за вработување да биде приложено и кратка биографија.
Пријавата за јавниот оглас за сите работни места може да се подигне од архивата на Национална установа - Центар за култура „АЦО ШОПОВ" - Штип.
Пријавите со потребните документи да се достават до архивата на Национална установа - Центар за култура „АЦО ШОПОВ" - Штип или на адреса: Национална установа -Центар за култура „АЦО ШОПОВ" - Штип, ул.„Тошо Арсов" б.б. 2000, Штип , тел. за контакт 078 412895, лице за контакт Сабина Асанова.

При поднесувањето на пријавата кандидатот го наведува бројот на работното место за кое се пријавува.

**НУЦК"АЦО ШОПОВ"-Штип**
**Директор**
**Горан Трајков**